Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 31.10.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5312 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ
## од контролниот надзор на програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, емитуван на 22 октомври 2014 година

***Предмет на надзорот:***

- **Член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (не се дозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации).**

*На 15.09.2014 година, за непочитување на член 53 став 2 од Законот, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 2 септември 2014 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена на Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

***Констатации:***

Со контролниот надзор на програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, емитуван на 22 октомври 2014 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*31.10.2014 г.*